ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1203 – 201/7**

**Дата: 11.12. 2009**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Карпош за 2008 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Карпош за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Карпош за 2005 година. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи дадено е негативно мислење а за наменското и законското користење на средствата дадено е мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Д-р Андреј Петров, градоначалник до 27.06.2008 година;
- Игнат Виларовски, вршител на должност градоначалник од 27.06.2008 до 06.10.2008 година и
- Сашо Димиќ, вршител на должност градоначалник од 06.10.2008 до 31.12.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 10.06.2009 до 10.07.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

Во врска со утврдувањето и наплатата на даночните приходи за општините кои се во состав на Градот Скопје надлежна е даночната администрација на Градот, додека утврдувањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште го врши Градот, а наплата ја врши секоја општина посебно за својот дел. Во надлежност на општинската администрација е и утврдувањето, евидентирањето и наплатата на надоместокот за користење простор пред деловни објекти.

При оценка на системот на интерни контроли, кај процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме постоење на ризик од ненавремено утврдување и наплата на приходите кои се однесуваат на комуналната такса за користење простор пред деловните објекти поради тоа што општината нема воспоставено интерни контроли кои ќе обезбедат навремено утврдување и наплата на приходот по овој основ. Причината за овие ризици произлегува од отсуство на јасно дефинирани надлежности и одговорности и отсуство на пишани процедури во овој процес.
Бидејќи со Договор за вршење на стручни и административни работи во врска со користењето на јавните површини од 11.06.2009 година, склучен помеѓу Градот и Општините во Градот, работите во врска со издавање на Одобрение за поставување на подвижни објекти на јавни површини (витрини, маси, столици, чадори и др.) ги превзема Градот во име на Општините, ревизијата не дава препорака.

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. При примена за Законот за комунални такси во делот на комуналната такса за користење простор пред деловни објекти, ревизијата ги утврди следните неправилности и тоа:

- за корисниците на просторот кои доставиле барање за издавање на одобрене за поставување мебел и урбана опрема на јавни површини, Одобренијата се издадени со задоцнување односно во месец август 2008 година, а се однесуваат за користење јавни површини за период од месец мај до октомври 2008 година;
- за корисниците на просторот кои не доставиле барање за издавање на одобрение за поставување мебел и урбана опрема на јавни површини, не се преземени мерки за нивно отстранување туку се издадени Решенијата со кои се утврдува комуналната такса за користење на просторот за 2008 година. Истите се издадени на 16.10.2008 година, од кои најголем дел се однесуваат за користење на јавни површини за период од 15.05.2008 до 15.09.2008 година, односно по завршување на периодот за кој е користена јавната површина;
- не се преземени целосни мерки за наплата на ненаплатените побарувања по овој основ кои потекнуваат од 2006, 2007 и 2008 година и истите на 31.12.2008 година изнесуваат 4.791 илјада денари. До обврзниците кои навремено не го платиле надоместокот се доставени само опомени, а не се преземени другите законски мерки за наплата на побарувањата.

Непочитување на законските одредби при утврдувањето и наплатата на приходите придонесува за помалку приходи и ненавремена наплата на истите. Почнувајќи од 2009 година овој надомест ќе го наплаќа администрацијата на Градот Скопје.

10.2.2. Во делот на наплатата на надоместок за уредување на градежно земјиште ревизијата утврди дека спротивно на Програмата за уредување на градежното земјиште кај дел од склучените договори за наплата дадена е можност надоместокот да се плаќа на повеќе рати од утвдените шест со програмата. Се врши плаќање на седум и тринаесет рати.

Исто така спротивно на Законот за градежно земјиште, Општина Карпош склучила договори за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати со две физички лица, за што нема обезбедено инструменти за обезбедување на плаќањето. Постапувањето кое не е во согласност со одредбите од Програмата за уредување на градежно земјиште и непочитување на законските одредби придонесува за нецелосна и не навремена наплата на приходите.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице е должен да ги почитува и применува во целост актите донесени од советот на општината.

10.2.3. Општина Карпош со Буџетот за 2008 година има планирано приходи и расходи во износ од 373.399 илјади денари. Во 2008 година се реализирани приходи во износ од 322.747 илјади денари, расходи 312.018 илјади денари, и е остварен вишок на приходи во износ од 10.729 илјади денари. Приходите се остварени со 86% во однос на планираниот износ, а расходите со 84%.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат значително, градоначалникот на општината му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот. Во текот на 2008 година извршени се два ребаланса на буџетот но и покрај тоа истиот на крајот на годината не е остварен во износите утврдени со ребалансите односно има значително остапување на приходите и расходите. Неусогласеноста на

остварените буџетски приходи и расходи со планираните создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година.

**Препорака:**
Градоначалникот, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за буџетите, доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот да предложи на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

**10.3.Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Со спроведениот попис на побарувањата, не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата, старосната структура на побарувањата и дали и какви мерки се преземени од одговорните лица за наплата на побарувањата. Не целосното спроведување на пописот на побарувањата е резултат на непостоење на акт за спроведување на пописот и не постапување согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на постапување придонесува за нереално прикажување на побарувањата и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Пописот на побарувањата да биде во функција на утврдување на нивната правна основа со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

**10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Општина Карпош во сметководството и Билансот на состојба за 2008 година има искажано состојба на:
- земјиште во износ од 15.692.983 илјади денари, кое земјиште претставува државен имот и за кое општината нема документација за сопственост на истото (имотни/поседовни листи). Ова е согласно Законот за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат, од 1996 година и Упатството за начинот на спроведувањето на делбениот биланс меѓу Републиката и 34-те општини и Градот Скопје и делбениот биланс меѓу ново настанатите општини и општините од кои произлегуваат од 1997 година, според кои земјиштето не е предмет на делбените биланси и истото е заведено во Републичката геодетска управа како државен имот на подрачјето на соодветната општина, и
- други долгорочни вложени и здружени средства во износ од 8.960 илјади денари кои претставуваат средства кои во поранешни години се плаќани на самоуправната интересна заедница за домување/становање за изградба на домови/станови во општествена сопственост. Овие средства согласно Законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија, се пренесени на Јавното претпријатие за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија и претставуваат средства на јавното претпријатие, поради што истите не треба да бидат евидентирани во сметководството на општината.

Причина за евидентираната состојба на земјиштето и вложените и здружени средства за станбена изградба е ненавременото спроведување на законските и подзаконски прописи кои ја регулираат оваа област. Ефект од тоа е погрешно и нереално проценување на билансните позиции искажани во сметководството и Билансот на состојба на сметката на Буџетот на Општина Карпош за износ од 15.692.983 илјади денари.

Оваа состојба се провлекува повеќе години и покрај укажувања на државната ревизија при ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година до денот на ревизијата не се преземени мерки за надминување на истата.

**Препорака:**
Согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, одделението финансии во соработка со градоначалникот да му предложат на советот на Општина Карпош донесување на одлука за симнување од евиденција на состојбата на земјиштето и вложените и здружени средства за станбена изградба и истата одделението за финансии да ја имплементира.

11. Според наше мислење, поради наодите од точка 10.4. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на Општина Карпош на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на Општина Карпош.

**13. Обелоденување**

Општина Карпош е тужена странка од 17 правни субјекти од кои за побарувањето на еден субјект не е утврдена вредност, а по останатите вредноста на долгот е во износ од 61.285 илјади денари и од 14 физички лица од кои за пет не е утврдена вредност на долгот, а по останатите вредноста на долгот е во износ од 2.955 илјади денари.
Општина Карпош е тужител во два судски спора и тоа со едно правно лице за кое не е утврден износ на побарувањето и против едно физичко лице по основ на побарувања во износ од 6.849 илјада денари.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на Општина Карпош за годината која завршува со 31 декември 2008 година.

Скопје 04.12.2009 година — Овластен државен ревизор

**Буџет на Општина Карпош**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 247.795 | 162.833 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 7.440 | 4.123 |
| Капитални приходи | 3.3. | 807 | 427 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 66.705 | 70.427 |
| **Вкупно приходи** | | **322.747** | **237.810** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 34.331 | 29.699 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 2.077 | 545 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 117.962 | 63.149 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 1.150 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 4.475 | 11.226 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 728 | 292 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **160.723** | **104.911** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **149.872** | **108.156** |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **1.423** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **312.018** | **213.067** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **10.729** | **24.743** |

**Буџет на Општина Карпош**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 10.729 | 24.743 |
| Побарувања | 4.1.2. | 45.205 | 54.098 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 613 | 28 |
| **Вкупно тековни средства** | | **56.547** | **78.869** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Природни богатства | 4.2.1. | 15.684.023 | 15.684.023 |
| Долгорочни пласмани | 4.2.2. | 8.960 | 8.960 |
| **Вкупно капитални средства** | | **15.692.983** | **15.692.983** |
| **Вкупна актива** | | **15.749.530** | **15.771.852** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.3.1. | 3.004 | 1.608 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.3.2. | 613 | 28 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 52.930 | 77.233 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **56.547** | **78.869** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 15.692.983 | 15.692.983 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **15.692.983** | **15.692.983** |
| **Вкупна пасива** | | **15.749.530** | **15.771.852** |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 12 – 27/2**

**Дата: 29.01.2010**

Врз основа на член 23 став 6,7 и 8 од Законот за државната ревизија (“Службен весник на РМ” бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Карпош (во понатамошниот текст Општината) за 2008 на сметката на Буџетот, заведен под број 12- 27/1 , Главниот државен ревизор го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

По поднесен приговор на Конечен извештај

1. Приговорот поднесен на **точките 10.2.2.,10.2.3.,10.3.1. и 10.4.1.,** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на општина Карпош сметка на Буџетот, **не се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Карпош за 2008 година на сметката на Буџетот поднесен е приговор заведен под број 12-27/1 од 14.01.2010 година. Со поднесениот приговор се доставени дополнителни докази со кои не може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, поради што Овластениот државен ревизор ги дава следниве образложенија за не прифаќање на приговорот:

**1.** Упатениот приговор на **точката 10.2.2.,** кој се однесува на утврдената состојба дека надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа на повеќе рати од утврденото со Програмата за уредување на градежно земјиште, **не се прифаќа.** Причината за не прифаќање е поради фактот дека не се работи за приговор туку за известување дека во 2009 година субјектот ги почитува актите донесени од советот.

**2.** Што се однесува до приговорот на **точка 10.2.3.,** кој се однесува дека и покрај значително неостварување на планираните приходи и расходи не е предложен ребаланс на советот, не се прифаќа. Ова од причина што истиот нема карактер на

приговор туку известување дека во 2009 година се постапува согласно законските прописи.

3. Приговорот на точка **10.3.1.** кој се однесува на пописот на побарувањата **не се прифаќа.** И по оваа точка упатениот приговор нема карактер на приговор туку известување дека е постапено согласно препораката на овластениот државен ревизор.

4. Упатениот приговор на точка **10.4.1.** кој се однесува на позиции во Билансот на состојбата кој се не реални (земјиште и здружени средства за станбена изградба), од причина што општината нема доказ за сопственост **не се прифаќа**. И во овој случај не се работи за приговор туку известување и приложени докази дека општината постапила по препораките на ревизијата.

**Главен државен ревизор**

**Тања Таневска**